РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
Бр 03-2255/1
09.07. 18

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
Бр. 13-6101/1
06.07. 2018 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 42 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.63/2007,187/2013, 43/2014 , 215/2015 и 64/2018 ), и Одлуката на Владата на Република Македонија бр. 44-5199/1 од 29 мај 2018 година за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2018 година, се склучува

# ДОГОВОР

**за реализација на проектот - "Изработка на техничка документација за изградба на колекторски систем во три населени места по течението на река Брегалница" , Општина Берово**

Склучен во Скопје, на ден ____________ година
помеѓу: Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој (во натамошен текст: Биро) застапувано од директорот Рамиз Реџепи од една страна и
ЕЛС Општина Берово , (во натамошен текст: Носител на реализација на проектот) застапувано од Градоначалникот на Општина Берово, од друга страна Звонко Пекевски

Член 1

Предмет на овој договор е реализација на проектот , "Изработка на техничка документација за изградба на колекторски систем во три населени места по течението на река Брегалница" , Општина Берово

Член 2

Согласно Одлуката на Владата на Република Македонија бр. 44-5199/1 од 29 мај 2018година, за проектот " Изработка на техничка документација за изградба на колекторски систем во три населени места по течението на река Брегалница" доделени се средства во износ од **600.000 мкд** (шесто илјади денари) како учество на Бирото за регионален развој и Министерството за локална самоуправа.

Член 3

Носител на реализацијата на проектот од член 1 на овој Договор е Општина Берово.

Член 4

(1) Носителот на реализација на проектите, е должен да ги превземе сите потребни законски и други активности за реализација на проектот, согласно основниот проект и другата проектна документација.
(2) Носителот на реализација на проектите во случај на објективни причини или природни непогоди кои би влијаеле на одредени активности поврзани со проектот е должен веднаш да го извести Бирото за ново настанатата ситуација. Со промената не смее да се менува суштината на проектот и утврдените позиции во предмер пресметката која е составен дел на проектот, без претходно добиена согласност од Бирото.
(3) Носителот на реализација на проект општина Берово е должен најдоцна во рок од 10 дена од потпишувањето на Договорот да започне постапка за доделување на договор за Јавна набавка.
(4) Носителот на реализација по конечноста на Јавната набавка и изборот на најповолен понудувач е должен до Бирото да достави ревидиран Опис на задачи и активности усогласени со предвидените активности во Апликацијата.
(5) Ревидираниот Опис на задачи и активности на проектот од став (4) на овој член, ќе биде основ за исплата на средствата од Бирото, но не повеќе од износот утврден во членот 2 од овој Договор.
(6) Носителот на реализацијата е должен да ги исполни во целост критериумите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и Јавниот Повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за селата за 2018 година.

Член 5

Во текот на реализацијата на секој проект поединечно, Бирото ќе врши увиди за утврдување на степенот на реализација на проектот, каде Носителот на реализација се обврзува да обезбеди целосен и непречен пристап на овластени лица на Бирото до документите од проектот.

Член 6

Бирото ќе врши контрола над наменската употреба на доделените средства преку тековно следење на процесот на реализација на проектот.

Член 7

Доколку се утврди ненаменска употреба на средствата утврдени во член 2 од овој договор, Бирото ќе поведе постапка носителот на реализацијата на проектот да ги врати доделените средства во Буџетот на РМ заедно со пресметана законска камата сметано од денот на дозначувањето до денот на враќањето на средствата.

Член 8

Министерството ќе ги дозначи доделените средства на носителот на реализација на проектот Општина Берово на два пати според следнава динамика:

- дел од средствата врз основа на прва времена ситуација за изведбени работи, или фактура за изработка на проектна документација и студии; и
- остатокот од средствата врз основа на доставена завршна ситуација за изведбени работи, или конечна фактура кај изработка на проектна документација и студии.

Член 9

Се задолжува носителот на реализација на проектот општина Берово завршната ситуација (или фактура) да ја достави најкасно до 30.11.2018 година, воедно и сите активности да ги заврши најкасно до 30.11.2018 година.

Член 10

Носителот на реализација на проектот Општина Берово има жиро-сметка бр.**702014000263012** Банка: НБРМ, приходна шифра **741211** програма **00**, исклучиво за реализација на проектот – "Изработка на техничка документација за изградба на колекторски систем во три населени места по течението на река Брегалница ", Општина Берово

Член 11

Доделените средства за реализација на проектот –" Изработка на техничка документација за изградба на колекторски систем во три населени места по течението на река Брегалница". ќе се дозначат на носителот-Општина Берово.

Член 12

Овој договор може да се менува или раскине:

- со заемна согласност на договорните страни,
- еднострано од страна на Бирото доколку Носителот на реализацијата не се придржува кон одредбите на овој Договор или
- еднострано од страна на Носителот на реализацијата, само пред исплата на одобрените средства.

Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1 алинеја 2 на овој член, Бирото веднаш ќе го извести Носителот на реализацијата.

Член 13

Во случај на на евентуални спорови по овој договор, договорените страни се согласни истите да ги решаваат спогодбено со меѓусебно разбирање и почитување на добрите деловни обичаи.

Доколку споровите не може да се решат спогодбено, за нив ќе решава надлежен суд на Република Македонија.

Член 14

Овој договор влегува во сила и има правно дејство по неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 15

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **ЕЛС-Општина Берово** | **Биро за регионален развој** |
| **Градоначалник** | **Директор** |
| **Звонко Пекевски** | **Ramiz Rexhepi** |